Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 01.01.2022

На 31.12.2021 во 15.10 часот на подрачјето на Кисела Вода од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода Ф.Г.(21) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.12.2021 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 143 мерки, меѓу кои за возење под дејство на алкохол 48 санкции, 19 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 20 санкции за возење без возачка дозвола. Изречени се 11 мерки за непрописно паркирање, четири мерки за минување на црвено светло, три мерки за некористење сигурносен појас, четири мерки за користење мобилен телефон, четири мерки за возач почетник, седум мерки за нерегистрирани возила.

На 31.12.2021/01.01.2022, во периодот од 23.00 до 04.00 часот, спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 90 возачи. Од нив 38 на територија на СВР Скопје, 11 на територија на СВР Охрид...

На 31.12.2021 во периодот од 12.00 до 18.00 часот МВР спроведе зајакната акциска контрола на територијата на државата за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 25 возачи. Од нив 22 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а три надвор од населено место. Притоа, спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на СВР Битола, при што санкционирани се шест возачи.

Во текот на изминатото деноноќие (31.12.2021/01.01.2022) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се осум прекршоци.

На 31.12.2021 во 21.35 часот на наплатна рампа Гостивар од полициски службеници од Полициската станица Гостивар биле лишени од слобода С.С.(33) од Гостивар и М.Ѓ.(33) од с.Здуње, гостиварско, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана и предмет со остатоци од бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.12.2021 во 18.15 часот Ф.Н.(23) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од С.Р.. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.01.2021 во 01.30 часот било пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на Аеродром, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу А.Т.(22), од една страна и А.П.(18) и Ѓ.П.(22), од друга страна, сите од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 01.01.2021 во 04.15 часот на бензинска пумпа во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода К.С.(29) и Ф.Ј.(29), затоа што околу 04.00 часот на истата локација физички го нападнале Н.Р.(25) од с.Долна Белица, струшко. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.12.2021 во 19.00 часот Н.П.(41) од Скопје пријавила дека околу 15.50 часот на подрачјето на Кисела Вода нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 31.12.2021 во 17.30 часот С.Ј.(54) од Скопје пријавил дека околу 11.30 часот во кругот на ЈСП Скопје, по претходна расправија, бил физички нападнат од Б.С.. Се работи на расчистување на случајот.

На 31.12.2021 во 21.00 часот било пријавено дека во с.Бардовци, скопско, мотоцикл „хонда", со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.Т.(48) од с.Бардовци, паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во приватна здравствена установа во Скопје. Извршен бил увид на местото на несреќата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 31.12.2021 во 23.40 часот во СВР Скопје С.Р.(27) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот во и пред угостителски објект на подрачјето на Центар, тој и неговиот татко Г.Р. биле физички нападнати од неколку лица, кои биле ангажирани како обезбедување во објектот, при што на Г.Р. му бил одземен и часовник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2022 во 04.35 часот во Полициската станица Ресен бил лишен од слобода А.А.(30) од Ресен, затоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејства. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.01.2022 во 04.00 часот во СВР Скопје Н.М.(27) од Р.Австрија пријавил дека во 00.30 во зграда во близина на хотел на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање со две женски лица, едно машко лице физички го нападнало и му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Т.М.(43) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.03.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин и семки од растението канабис.

На 01.01.2022 полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Т.(19) од с.Теарце, постапувајќи по пријава од неговиот татко, според која околу 02.00 часот во семејниот дом се однесувал агресивно, упатувал закани кон членови на семејството и оштетил предмети во домот. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.12.2021 полициски службеници од Полициска станица за граничен премин и граничен надзор Богородица во 20.45 часот, на автобуска станица во Гевгелија, откриле пет лица мигранти од Пакистан. Во 22.20 часот, во реонот на место викано Сепарација, полициските службеници откриле две лица мигранти од Авганистан, а во 05.20 часот, во реонот на место викано Милци во Гевгелија, уште четири лица мигранти од Пакистан. Сите 11 лица се пренесени во Транзитниот центар Винојгр за понатамошна постапка.

На 01.01.2022 во 01.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во 00.50 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, Ј.П.(18) и нејзината 17-годишна другарка, двете од Скопје, биле физички нападнати од едно женско лице, кое употребило и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.П.(36) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 25.12.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 01.01.2022 во 04.00 часот во СВР Скопје И.Т.(18) од Скопје пријавила дека околу 01.00 часот во угостителски објект, по претходно недоразбирање, била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.12.2021 во 21.00 часот во СВР Куманово А.Н.(45) од Куманово пријавил дека неговата сопруга З.З.(42) од Куманово се оддалечила од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 31.12.2021 во 12.20 часот Г.С.(44) од Прилеп пријавил дека на 30.12.2021 околу 22.00 часот во Прилеп, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 31.12.2021 во 17.50 часот во полициска станица Гостивар З.А.(56) од Гостивар пријавил дека околу 13.30 часот на крстосница во Гостивар, по претходно недоразбирање, И.М. му упатил закана со огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.12.2021 во 07.43 часот во Полициското одделение Новаци, Ј.М. пријавила дека во с.Добрушево, битоско, во текот на ноќта во помошна просторија настанал пожар во кој починал нејзиниот дедо А.М.(94). Лекар од Итната медицинска помош констатирал смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола. По насока на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на семејството.

На 31.12.2021 во 15.40 часот во СВР Тетово Л.Л.(62) од Тетово пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот сопруг И.Л.(62). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.01.2021 во 01.04 часот во СВР Скопје, Н.Ц.(47) од Скопје пријавила дека околу 00.00 часот, додека била во својот дом на подрачјето на Карпош, пронашла залутано зрно. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје и зрното е подигнато за вештачење.